За национализмот

Џорџ Орвел

Изданието е објавено со поддршка од:



Република Северна Македонија
Министерство за култура

Едиција **Перископ**

Главен уредник
Филип Димевски

Наслов на оригиналот
George Orwell, Essays

Јазична редакција
Филип Димевски

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Ѓорѓе Јовановиќ

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

За национализмот

Џорџ Орвел

Превод од англиски јазик
Кристина Димкова

Скопје, 2021

Содржина

Белешки за национализмот (1945) 7
Позитивен национализам 21
Пренесен национализам 24
Негативен национализам 27
Одмаздата е кисела (1945) 36
ЛАВОТ И ЕДНОРОГОТ
Социјализмот и англискиот гениј (1941) 42
Ти и атомската бомба (1945) 82
Согледувања за Ганди 88
Дуќанџии во војна 102
Англиската револуција 122
Неколку мисли за краставата жаба 156

Белешки за национализмот (1945)

Наместа Бајрон го употребува францускиот збор *longeur* и патем забележува дека иако во Англија го немаме зборов, она што тој го означува го имаме во значително изобилство. Исто така, постои склоност, веќе толку распространета, што ни влијае на начинот на размислување на речиси секоја тема, а сè уште нема назив. Како најблизок постоечки еквивалент го одбрав зборот „национализам“, бидејќи набргу ќе се види дека не го употребувам во сосем обичната смисла, а една од причините е тоа што емоцијата за која зборувам секогаш не се прилепува за она што се нарекува нација – а тоа е еден род или географска област. Може да се прилепи за црква или за класа, или, пак, може да функционира само во негативна смисла, *против* нешто и без потреба од каков било позитивен предмет на лојалност.

Под „национализам“, најпрвин ја подразбирам целокупната навика да се претпоставува дека човечките суштества може да се класифицираат како инсекти и дека цели групи од милиони или десетици милиони луѓе може со сигурност да се етике-

тираат како „добри“ или „лоши“[1]. Но, потем – и ова е многу поважно – ја подразбирам навиката да се идентификуваш со една нација или друга целина, сместувајќи ја над доброто и злото, притоа не препознавајќи никаква друга должност, освен дејствувањето во полза на нејзините интереси. Национализмот не треба да се побркува со патриотизмот. Обата збора вообичаено се користат на толку магловит начин, што секоја дефиниција е подложна на оспорување, но меѓу нив мора да се направи разлика, со оглед на тоа што во игра се две различни, па дури и спротивставени идеи. Под „патриотизам“ ја подразбирам посветеноста кон одредено место и кон одреден начин на живот, за кои веруваме дека се најдобрите на светот, но немаме желба да им ги наметнуваме на другите луѓе. Патриотизмот по својата природа е заштитнички, воено и културолошки. Национализмот, пак, е неразделив од копнежот за моќ. Долготрајната цел на секој националист е да обезбеди повеќе моќ и повеќе престиж, *не* за себе, туку за нацијата или за друга целина во која одлучил да ја потопи сопствената индивидуалност.

[1] Нациите, па дури и помагловитите ентитети како Католичката црква или пролетаријатот, обично се разбираат како индивидуи и често се обележуваат со „таа“. Очевидно апсурдните забелешки како „Германија е природно подмолна“ можат да се најдат во секој весник што ќе го отворите, а непромислените обопштувања за личноста на нацијата („Шпанецот е природен аристократ“ или „Секој Англичанец е дволичен“) ги изговара речиси секој. Повремено овие обопштувања се гледаат како неосновани, но навиката да се создаваат е истрајна, а луѓето со наводни интернационални видици, на пр., Толстој или Бернард Шо, се често виновни за нив. (Сите забелешки се на авторот, освен ако е наведено поинаку).

Сè додека се однесува само на позлогласните и попрепознатливите движења во Германија, Јапонија и други држави, сево ова е сосем очигледно. Соочени со појавата како што е нацизмот, којашто можеме да ја набљудуваме однадвор, речиси секој од нас ќе ги каже истиве нешта за неа. Но, тука мора да го повторам она што го кажав погоре, дека го употребувам зборот „национализам“ во недостиг на подобар. Национализмот, во поширокатa смисла во која го употребувам зборов, вклучува движења и тенденции како комунизмот, политичкиот католицизам, ционизмот, антисемитизмот, троцкизмот и пацифизмот. Тој нужно не значи приврзаност за некоја влада или држава, уште помалку за *сопствената* држава, па дури не е ни исклучиво нужно вистински да постојат целините во кои дејствува. Да набројам неколку очигледни примери, еврејството, исламот, христијанството, пролетаријатот и белата раса се сите цели на страсно националистичко чувство: но нивното постоење може сериозно да се стави под прашање, и ниту за едно од нив не постои општоприфатена дефиниција.

Вреди да се нагласи уште еднаш дека националистичкото чувство може да биде чисто негативно. Постојат, на пример, троцкисти што едноставно станаа непријатели на СССР без да развијат соодветна приврзаност кон ниту една друга целина. Кога ќе се разберат последиците од ова, природата на она што го нарекувам национализам станува значително појасна. Националист е оној што мисли само, или главно, во насока на натпреварувачки престиж. Би можел да биде позитивен или негати-

вен националист – односно, би можел да ја користи својата ментална енергија кон поддржување или кон омаловажување – но, во секој случај, неговите мисли се секогаш свртени кон победи, порази, успеси и понижувања. На историјата, особено на современата историја, гледа како на бескраен раст и пад на големите моќни целини и секој настан што ќе се случи му се чини како доказ дека неговата страна се движи нагорно, а некој омразен противник надолно. Но, најпосле, важно е да не се побрка национализмот со вистинското славење на успехот. Националистот не го следи принципот на едноставно здружување со посилната страна. Напротив, откако ќе избере страна, се убедува самиот себеси дека тоа *е* најсилната страна и е во состојба да се држи до своите верувања дури и кога фактите се убедливо против него. Национализмот ја кали својата глад за моќ со самоизмама. Секој националист е способен за најбезобзирното бесчестие, а подеднакво е и – со оглед на тоа што е свесен дека служи на нешто поголемо од самиот него – сигурен дека е во право.

Откако ја дадов исцрпнава дефиниција, мислам дека мора да се признае дека склоноста за која зборувам е распространета меѓу англиската интелигенција и е поприсутна таму одошто меѓу народните маси. За оние што имаат силни чувства за современата политика, одредени теми станаа толку заразени со важноста на престижот, што вистински рационален пристап кон нив е речиси невозможен. Од стотиците примери што човек може да ги одбере, да го земеме ова прашање: Кој од трите големи сојузници, СССР, Британија и САД, најмногу

придонесе кон поразот на Германија? Теоретски, би требало да биде можно да се даде разумен, можеби дури и убедлив одговор на ова прашање. Но, во практика, не можат да се направат неопходните пресметки, бидејќи ако е некој подготвен да се оптоварува со ова прашање, неизбежно ќе го разгледува во насока на натпреварувачки престиж. Па оттаму, ќе *почне* да одлучува во корист на Русија, Британија или Америка, во зависност од околностите, и дури *потоа* ќе почне да бара аргументи во одбрана на својата теза. А постојат низа сродни прашања на кои можете да добиете искрен одговор само од некој што е непристрасен кон таа тема и чие мислење во врска со неа веројатно, во секој случај, ќе биде безначајно. Оттаму, делумно, и доаѓа значајниот неуспех на политичката и воената прогноза во нашево време. Интересно е да се истакне дека од сите „експерти" од сите школи, ниту еден не можеше да предвиди толку веројатен настан како Руско-германскиот пакт од 1939 г.[2] И кога се појавија вестите за пактот, беа дадени сосем разногласни објаснувања, а направените предвидувања речиси веднаш се искривиколчија, со оглед на тоа што речиси во секој случај не се засноваа на науката за веројатност, туку на желбата да се направи СССР да дејствува добро или лошо, силно или слабо. Политичките или воените коментатори, како астроло-

[2] Неколку писатели со конзервативна тенденција, како Питер Дракер, го предвидоа договорот меѓу Германија и Русија, но очекуваа вистински сојуз или соединување што би било трајно. Ниту еден марксист или левичарски писател, од која било боја, ни оддалеку не го предвиде пактот.

зите, можат да ја преживеат речиси секоја грешка, бидејќи нивните попосветени следбеници кај нив не бараат проценка на фактите, туку дразнење на националистичката лојалност[3]. И естетските мислења, особено литературните, често се изопачуваат на истиот начин како и политичките. Тешко би му било на еден индиски националист да ужива читајќи го Киплинг или на еден конзервативец да види вредност во Мајаковски, и секогаш постои искушението да се тврди дека секоја книга со чија наклоност не се согласувате задолжително е лоша книга од *литературна* гледна точка. Луѓето со силни националистички гледишта честопати ја прават оваа измама без да бидат свесни за нечесноста.

Во Англија, ако се земе предвид само бројот на луѓето што се вклучени, многу е веројатно дека доминантната форма на национализам е старомодниот британски џингоизам. Сигурно е дека тој е сè уште насекаде распространет, и тоа многу повеќе одошто повеќето аналитичари ќе поверуваа пред

[3] Воените коментатори во весниците главно може да се класифицираат како проруски или антируски реакционерни или антиреакционерни. Грешките како верувањето дека Мажиновата линија е непробојна, или предвидувањето дека Русија ќе ја покори Германија за три месеци, не успеаја да го разнишаат нивниот углед бидејќи секогаш го кажуваа она што нивната публика сакаше да го чуе. Двајцата најсакани воени критичари кај интелигенцијата се капетанот Лидел Харт и генерал-мајорот Фулер, од кои првиот го застапува учењето дека одбраната е посилна од нападот, а вториот дека нападот е посилен од одбраната. Оваа противречност не беше пречка обајцата да бидат прифатени како авторитети од истата таа публика. Тајната причина за нивната популарност во левичарските кругови е тоа што обајцата не се согласуваат со Министерството за одбрана.

дузина години. Меѓутоа, во овој есеј главно ме интересираат реакциите на интелигенцијата, меѓу која џингоизмот, па дури и патриотизмот од стариот вид се речиси мртви, и се чини дека сега оживуваат кај одредено малцинство. Кај интелигенцијата, нема потреба да ни се каже, доминантниот облик на национализам е комунизмот – употребувајќи го зборот во мошне слободна смисла што не ги вклучува само членовите на Комунистичката партија, туку и „сопатниците“ и општо русофилите. Комунист, за мојата цел тука, е некој што гледа на СССР како татковина и чувствува должност да ја оправдува руската политика и да дејствува во полза на руските интереси по секоја цена. Очигледно, денес Англија изобилува со вакви луѓе, а нивното директно или индиректно влијание е огромно. Но, цутат и други облици на национализам, а само преку согледувањето на точките на сличност меѓу различните, па дури и навидум спротивставените движења на мислата, човек може најобјективно да ги разгледа нештата.

Пред десет или дваесет години, обликот на национализам што најмногу се совпаѓаше со комунизмот беше политичкиот католицизам. Неговиот најистакнат поборник – иако тој можеби повеќе беше екстремен случај одошто типичен – беше Г. К. Честертон. Честертон беше писател со значителен талент, кој одбра да ги потисне и својата чувствителност и својата интелектуална чесност во полза на римокатоличката пропаганда. Во последните дваесетина години од животот, сето негово творештво е бескрајно повторување на истото нешто,

под закрилата на макотрпно составената мудрост, едноставна и здодевна како „Големата Дијана од Ефес“. Секоја книга што ја напиша, секој дијалог, мораше, без никаква можност за грешка, да ја покаже надмоќноста на католиците над протестантите или паганите. Но, Честертон не беше задоволен со помислата дека оваа надмоќност е само интелектуална или духовна: мораше да се преведе во терминологија на национален престиж и воена моќ, што повлече неупатено идеализирање на латинските земји, особено на Франција. Честертон не живеел долго време во Франција и неговата слика за неа – како земја на католички селани што постојано ја пеат „Марселезата“ со чаши црвено вино – имаше врска со реалноста колку што Чин Чин Шоуто има врска со секојдневниот живот во Багдад. А со ова одеше и не само огромното преценување на француската воена моќ (и пред и по 1914-1918 г., тој стоеше на ставот дека Франција сама е посилна од Германија), туку и плиткоумното и вулгарно величење на самиот развој на војната. Воените песни на Честертон, како „Лепанто“ или „Балада за Св. Варвара“ прават „Нападот на лесната коњица“ да звучи како пацифистички трактат: ова се, можеби, најкичерските парчиња бомбастичност напишани на нашиов јазик. Интересно е што да напишеше некој друг такво романтично ѓубре за Англија какво што тој вообичаено пишуваше за Франција, тој прв ќе го исмеваше. Во домашната политика тој беше мал Англичанец, вистински мразач на џингоизмот и империјализмот и, според неговите верувања, вистински пријател на демократијата. А сепак, кога

ќе погледнеше надвор кон меѓународното поле, можеше да ги напушти своите принципи без воопшто да забележи дека го прави тоа. Па така, неговото безмалку мистично верување во доблестите на демократијата не го спречи да му се восхитува на Мусолини. Мусолини ја уништи претставничката влада и слободата на печатот за кои Честертон толку жестоко се бореше дома, но Мусолини беше Италијанец и ја беше направил Италија силна и затоа беше во ред. Честертон никогаш не кажа ниту збор за империјализмот и подјармувањето на обоените раси кога Италијанците и Французите го правеа тоа. Неговото мислење за реалноста, неговиот книжевен вкус, до некој степен и неговото чувство за морал, се изместија веднаш штом се вплетка неговата националистичка лојалност.

Очигледно постојат значителни сличности помеѓу католицизмот, како што го објаснува Честертон, и комунизмот. Така постојат и помеѓу следниве, на пример, шкотскиот национализам, ционизмот, антисемитизмот или троцкизмот. Би било претерано упростување да се каже дека сите облици на национализам се исти, дури и нивната ментална атмосфера, но постојат одредени правила што држат во одредени случаи. Следниве се главните карактеристики на националистичката мисла:

Освен за интелектуалецот, преносот има важна функција што предмалку веќе ја споменав во врска со Честертон. Тој му овозможува да биде многу *поголем* националист – повулгарен, побудалест, позлобен, понечесен – одошто би можел да биде во име на неговата родна земја или која било цели-

на за која има вистинско знаење. Кога човек ќе го види сервилното или наперченото ѓубре напишано за Сталин, Црвената армија итн., од страна на мошне интелигентни и чувствителни луѓе, сфаќа дека е ова можно само поради извесно изместување. Во општества како нашево, необично е за некој што може да се опише како интелектуалец да чувствува толку длабока приврзаност кон сопствената земја. Јавното мислење – односно, делот од јавното мислење за кое тој како интелектуалец е свесен – нема да му го дозволи тоа. Повеќето од луѓето од неговото опкружување се скептични и незадоволни, а тој може да си го присвои истиот став поради неоригиналност или од чист кукавичлук: во тој случај, тој ќе го напушти најблискиот облик на национализам без да се доближи до вистинското меѓународно гледиште. Сè уште чувствува потреба од татковина и природно е да ја бара надвор од својата. Откако ќе ја најде, може разуздано да си се препелка во токму тие емоции со кои верува дека самиот се ослободил себеси. Господ, кралот, империјата, британското знаме – сите соборени идоли може да се појават под други имиња, а бидејќи не се препознати во нивната вистинитост, може да се обожаваат со мирна совест. Пренесениот национализам, исто како користењето на жртвените јагнишња, е начин да се дојде до спасение без да се измени сопственото поведение.

Националистот не само што не ги осудува sверствата извршени од неговата страна, туку има и извонредна способност да се оглуши од нив. Цели шест години обожавателите на Хитлер успеаја да

не дознаат за постоењето на Дахау и Бухенвалд. А најгласните осудувачи на германските концентрациски логори често се сосем несвесни или само бледо се свесни дека и во Русија има концентрациски логори. Огромни настани како Украинскиот глад во 1933 г., кој беше причина за смртта на милиони луѓе, всушност, го избегнаа вниманието на мнозинството англиски русофили. Мноштво Англичани не слушнаа ништо за истребувањето на германските и на полските Евреи за време на постоечката војна. Нивниот сопствен антисемитизам беше причина ова огромно злосторство да се одбие од нивната совест. Во националистичката мисла постојат факти што се истовремено вистинити и невистинити, познати и непознати. Познат факт може да биде толку неподнослив, што вообичаено ќе биде истуркан настрана и нема да му биде дозволено да влезе во логичките процеси, или, пак, може да влезе во размислите без некогаш да биде прифатен како факт, дури ни во сопствениот ум.

Секој националист е прогонуван од верувањето дека минатото може да се промени. Тој половина од своето време го поминува во свет на фантазии, во кој нештата се случуваат како што треба – во кој, на пример, Шпанската армада беше успех или Руската револуција беше сузбиена во 1918 г. – и тој ќе пренесе парчиња од овој свет во историските учебници кога ќе има можност за тоа. Голем дел од пропагандистичките писанија на нашево време претставуваат чист фалсификат. Материјалните факти се потиснати, датумите се изменети, цитатите се извадени од контекст и се преправени за да

го сменат своето значење. Настаните за кои постои чувство дека не требало да се случат, не се споменуваат и на крај се одрекуваат. Во 1927 г., Чанг Кај Шек запалил стотици комунисти живи, а сепак, за десетина години станал еден од хероите на левицата. Преструктуирањето на светската политика го донесе во антифашистичкиот блок, па така, се создаде чувство дека палењето на комунистите „не се важи“ или, можеби, дека не се случило. Главната цел на пропагандата е, се разбира, да влијае на современото мислење, но луѓето што повторно ја пишуваат историјата со дел од своите умови веројатно веруваат дека ги фрлаат фактите во минатото. Кога човек ќе ги земе предвид добро разработените фалсификати, извршени за да се покаже дека Троцки не одиграл вредна улога во Руската граѓанска војна, тешко е да се почувствува дека луѓето одговорни за нив само лажат. Мошне е поверојатно да чувствуваат дека нивната сопствена верзија е она што се случило пред Бога и дека, оттука, на човека може да му се оправда преуредувањето на записите.[4]

Рамнодушноста кон објективната вистина се охрабрува со изолирањето на еден дел од светот од друг, што сè повеќе отежнува да се открие што всушност се случува. Честопати може да постои природен сомнеж за најголемите настани. На при-

[4] Пример за ова е Руско-германскиот пакт, што беше избришан во најкус можен рок од јавното сеќавање. Еден руски кореспондент ме информира дека пактот веќе не се споменува во руските годишници во кои се впишуваат најновите политички настани.

мер, невозможно е да се пресмета во милиони, можеби дури ни во десетици милиони, бројот на смртни случаи предизвикани од војната. Трагедиите за кои постојано се известува – битки, масакри, глад, револуции – имаат за цел кај просечниот човек да инспирираат чувство на нереалност. Човек нема начин да ги провери фактите, не може ни да биде целосно сигурен дека се случиле, а секогаш му се презентираат сосем поинакви толкувања од различни извори. Кои беа добрите и лошите аспекти на Варшавското востание во август 1944 г.? Дали германските гасни комори во Полска беа вистински? Кој беше вистинскиот виновник за Бенгалскиот глад? Веројатно не е тешко да се открие вистината, но фактите толку нечесно ќе бидат претставени во речиси секој весник, што на обичниот читател може да му се прости или за голтањето лаги или за неспособноста да оформи мислење. Општата несигурност во однос на тоа што навистина се случува, создава леснотија во лепењето за лудачки верувања. Со оглед на тоа што никогаш ништо не може да се докаже или да се оспори, најнепогрешливиот факт може бесрамно да се негира. Згора на тоа, иако бескрајно занесен во моќта, победата, поразот, одмаздата, националистот е често некако незаинтересиран за она што се случува во реалниот свет. Тој сака да *почувствува* дека неговата целина станува сè подобра и подобра од некоја друга целина, а тоа може полесно да го направи со набивање предност пред душманот одошто со испитување на фактите за да види дали се во негова корист. Сета националистичка расправа е на дебатно-општест-

вено ниво. Секогаш е сосем неубедлива, оти секој натпреварувач, без исклучок, верува дека самиот победил. Некои националисти не се далеку од шизофренија, живеат сосем среќно среде соништата за моќ и победи што немаат врска со физичкиот свет.